З А П И С Н И К
од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 јуни 2025 година

Скопје, јуни 2025 година

З А П И С Н И К
од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 јуни 2025 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт. .

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2025 година

- Усвојување на Записникот од Осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јуни 2025 година

1. Информација за договори за купопродажба на деловни простории доделени на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, со одлуки на Владата на Република Северна Македонија

2. Информација за потребата од обезбедување на финансиски средства за експропријација на недвижен имот во границите на споменикот Аквадукт во Скопје

3. Информација за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите за воздухопловниот персонал и пиротехничарите вработени во Дирекција за заштита и спасување, со Предлог-одлука

4. Информација во врска со инвестицискиот проект „Обнова на возниот парк” на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје

5. Информација за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје)

6. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје)

7. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 мај 2025 година до 28 мај 2025 година

8. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 22 мај 2025 година до 28 мај 2025 година

9. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 мај 2025 година до 14 мај 2025 година

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради

спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 8 мај 2025 година до 14 мај 2025 година

11. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 април 2025 година до 7 мај 2025 година

12. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 30 април 2025 година до 7 мај 2025 година

13. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 23 април 2025 година до 29 април 2025 година

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост

15. Информација од извршена анализа со податоци за фирмите кои вршат експлоатација на минерална суровина – мермер

16. Предлог-тарифник за висина на надоместокот на реално направени трошоци за вршење на услуги на давање хидрометеоролошки податоци и продукти од архивата на Управата за хидрометеоролошки работи

17. Предлог-одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите

18. Предлог на закон за ратификација на Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан

19. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Чедомир Велинов против Северна Македонија, А. бр.1441/21

20. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во предметите Анастасовски (А.бр. 29573/21) и Стојановски (А.бр. 29592/21), со Предлог-одлука

21. Предлог-решение за назначување на претседавач, членови и заменици-членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство

22. Информација за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца – Детска градинка „Мајлс оф смајлс" - Скопје, со Предлог-одлука

23. Информација за потребата од склучување договор за грант за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија", со усогласен текст на Договор за грант

24. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година

25. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година

26. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.7555,  КО Битола 3)

27. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.5618, КО Крушево)

28. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои можат да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор

29. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност ,,Борка Талески” - Прилеп (Артроскопски столб 4К резолуција и лапароскопски столб)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести ,,Св. Наум Охридски” - Скопје (хируршки тилиум ласер и лапароскопски столб)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за спорт (10 компјутери)

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (плотер)

35. Предлог на закон за изменување на Законот за високото образование, поднесен од група пратеници

36. Предлог на закон за изменување на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)

37. Иницијатива поднесена од Кристина Димитријевиќ, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.46/25 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 160 став 6 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19, 76/20, 178/21 и 58/24)

38. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.14/25 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 15 став 2 во делот „или посебен акт на работодавачот“ од Општиот

колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23)

39. Иницијатива поднесена од Јован Стефановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.20/25 за поведување постапка за оценување на уставност на член 29 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25) и Иницијатива поднесена од Валентин Пепељугоски и Бојан Стоилков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/25 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 29 став 1 и став 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25)

40. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2025 за оценување на уставноста на член 172 став (3) во деловите „500.000" и „2.1.1" од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/21 и 14/25)

41. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2025 за оценување на уставноста на член 7 став (8) во делот „регистарот од ставот (5) на овој член" од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21 и 255/24)

42. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.39/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 2 во делот „централното“ од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 255/24)

43. Иницијатива од Игорчо Точев, Љубица Стојковска Перковска, Роџанда Доко, Анета Стевановиќ, Биљана Димовска, Атеме Муамеди, Ибере Нухиу и Мирјанка Тренчевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/25 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104-а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.66/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25)

44. Понуда од нотар Горан Димановски од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21183, за КО Битола 1/2, на КП бр.18030, викано место/улица „Стрчин“

45. Понуда од нотар Марија Барзова од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91359 за КО Штип 1, на КП бр.630, викано место/улица „Герен“

46. Понуда од нотар Марија Барзова од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3924 за КО Штип 3, на КП бр.4265, викано место/улица „Град“

47. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192255 за КО Драчево 2, на КП бр.2103/1, викано место/улица „Караџина“

48. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.68999, за КО Драчево 1, на КП бр.8726/12, викано место/улица „Ѓорѓи Динката бр.25“ и Имотен лист бр.69111, за КО Драчево 1, на КП бр.8726/12, викано место/улица „Ѓорѓи Динката бр.25“

49. Понуда од нотар Христина Стефаноска од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.17273, за КО Прилеп, на КП бр.19804/1, викано место/улица „Савска“

50. Кадровски прашања

51. Прашања и предлози

52. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 26 јуни 2025 година

53. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, Б.Г. против Република Северна Македонија, А.бр.7870/25

54. Информација за потребата од централизирано управување со облак (cloud) услуги во јавниот сектор

55. Информација за воспоставување на елементи од физичка инфраструктура на електронска комуникациска мрежа, односно на јавна електронска комуникациска мрежа во фаза на планирање, проектирање, градење и/или реконструкција на линиски инфраструктурни градби - патишта

56. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на Друштвото за производство и промет А.Н.Арѓент ДОО увоз-извоз Гостивар на локалитетот „Караташ“, с.Долна Бањица, Општина Гостивар

57. Предлог–одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – доломит на Трговското друштво за производство на огноотпорни материјали Вардар доломит ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Пеклиште“, Општина Гостивар

58. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина– варовник на Трговско, градежно, транспортно, производно и услужно друштво Ерсе-комерц ДООЕЛ увоз-извоз Мала Речица, Тетово на локалитетот „Краста“, с.Вруток, Општина Гостивар

59. Информација за склучување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, со усогласен текст на Протокол

60. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја за 2025 година

61. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2025 година

62. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2025 година

63. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2025 година

64. Информација за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Македонија 2025, со текст на Меморандум

65. Предлог на закон за соодветна и правична застапеност

66. Информација за потребата од склучување на Анекс III кон Договорот бр.81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС), заеднички нарекувани „Страни“ - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2, со усогласен Анекс III кон Договорот

67. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024 година

68. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, со Конечен извештај на овластениот ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

69. Информација за Петнаесетото годишно собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 27 јуни 2025 година, во Зуг, Швајцарија

70. Информација за спроведување на мерки согласно фаза 3 од Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението 2025 – 2030

71. Предлог на закон за ратификација на Договорот за стратешка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија

72. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи (Имотен лист бр.44-КО Велес)

73. Информација со приоритети и индикативен календар на активности во рамки на претседателството на Република Северна Македонија, со Стратегија на Европската Унија за Јадранско-јонскиот Регион и Јадранско-јонската иницијатива

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2025 година и Записникот од Осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јуни 2025 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за договори за купопродажба на деловни простории доделени на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, со одлуки на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски средства за експропријација на недвижен имот во границите на споменикот Аквадукт во Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да ја разгледа можноста за обезбедување на финансиски средства на Управата за заштита на културното наследство за спроведување на постапката за експропријација на недвижен имот во границите на споменикот Аквадукт во Скопје, во рок од една година.

Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите за воздухопловниот персонал и пиротехничарите вработени во Дирекција за заштита и спасување, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухопловниот персонал, пиротехничарите и за помошно-техничките лица вработени во Дирекцијата за заштита и спасување.

Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк” на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, да достави официјално барање до Европската банка за обнова и развој за финансиска поддршка на проектот „Обнова на возниот парк на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје“.

Истовремено, се задолжува Министерството за транспорт обрасците за концепт на Проектот потпишани од страна на министерот, повторно да ги достави до Министерството за финансии.

Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје).

Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје).

Точка 7

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 мај 2025 година до 28 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 8

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 22 мај 2025 година до 28 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 9

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 мај 2025 година до 14 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 10

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 8 мај 2025 година до 14 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 11

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 април 2025 година до 7 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Имајќи предвид дека Известувањето е веќе разгледано на Осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2025 година, истото нема да биде реализирано**.**

Точка 12

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 30 април 2025 година до 7 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 13

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 23 април 2025 година до 29 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 14

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата од извршена анализа со податоци за фирмите кои вршат експлоатација на минерална суровина – мермер, како материјал за информирање.

Точка 16

Владата го донесе Тарифникот за висина на надоместокот на реално направени трошоци за вршење на услуги на давање хидрометеоролошки податоци и продукти од архивата на Управата за хидрометеоролошки работи.

Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

Точка 18

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Андреј Лепавцов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Чедомир Велинов против Северна Македонија, А. бр.1441/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Чедомир Велинов против Северна Македонија, А. бр.1441/21.

2.Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантот во предметот Чедомир Велинов против Северна Македонија, А. бр.1441/21, ќе му исплати вкупен износ од 1.750 евра во денарска противвредност.

3.Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот, во предметот Чедомир Велинов против Северна Македонија, А. бр.1441/21, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во предметите Анастасовски (А.бр. 29573/21) и Стојановски (А.бр. 29592/21), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во износ од вкупно 3.500 евра, односно поединечен износ во висина од 1.750 евра за секој апликант, кои треба да бидат исплатени по Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Анастасовски (А.бр.29573/21) и Стојановски (А.бр. 29592/21), најдоцна до 15.7.2025 година.

Точка 21

Владата го донесе Решението за назначување на претседавач, членови и заменици-членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство.

Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца – Детска градинка „Мајлс оф смајлс“ - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои

Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за деца - Детска градинка „Мајлс оф смајлс“ - Скопје.

Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување договор за грант за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија”, со усогласен текст на Договор за грант и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант помеѓу KfW, Франкфурт на Мајна и Република Северна Македонија.

2. Се овластуваат проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, да го потпишат Договорот за грант помеѓу KfW, Франкфурт на Мајна и Република Северна Македонија.

Точка 24

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година.

Точка 25

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година.

Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.7555, КО Битола 3).

Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.5618, КО Крушево).

Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои можат да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор.

Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор.

Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје.

Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност ,,Борка Талески” – Прилеп (Артроскопски столб 4К резолуција и лапароскопски столб).

Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести ,,Св. Наум Охридски” - Скопје (хируршки тилиум ласер и лапароскопски столб).

Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за спорт (10 компјутери).

Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (плотер).

Точка 35

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 јуни 2025 година, го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за високото образование, поднесен од група пратеници и дава позитивно мислење по истиот.

Точка 36

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците, по скратена постапка (поднесен од група пратеници) и заклучи Министерството за правда, во соработка со Министерството за јавна администрација и Секретаријатот за законодавство да достави заедничко (обединето) мислење.

*

*   *

Имајќи предвид дека Предлогот на закон за изменување на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 24 јуни 2025 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.132 од 1 јули 2025 година, Мислењето нема да се реализира.

Точка 37

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Кристина Димитријевиќ, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.46/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 160 став 6 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19, 76/20, 178/21 и 58/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива се оспорува одредбата од член 160 став 6 од Законот за високото образование*, според којашто, на иста единица на универзитет не можат да бидат избрани во

наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања лица кои се роднини по крв во права линија до кој и да е степен.

Како единствен кандидат, кој ги исполнува условите, подносителот се јавил на оглас за вработување на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На истиот факултет, мајката на подносителот на Иницијативата е редовен професор на Катедрата за радиологија, која брои 18 членови и член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, којшто брои 147 членови.

Подносителот на Иницијативата смета дека со одредба од член 160 став 6 од Законот за високото образование*, се ограничуваат правата, пред се, на образование, работа и слободен избор на вработување и дека со неа се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок во членовите 8, 9, 32, 44, 50 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 160 став 6 од Законот за високото образование*, на иста единица на универзитет не можат да бидат избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања лица кои се роднини по крв во права линија до кој и да е степен.

Според членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Граѓаните на Република Северна Македонија, согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија е уредено дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според одредбите од членот 44 од Уставот на Република Северна Македонија, секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно.

Секој граѓанин, согласно членот 50 од Уставот на Република Северна Македонија, може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот

суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања. Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот, согласно одредбите од членот 54 од Уставот на Република Северна Македонија, можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло; имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Со оглед на бројноста на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, подносителот на Иницијативата, исто така, смета дека ова прашање е уредно и со членовите 72 и 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19).

Според членот 72 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување. Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен. Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, согласно членот 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето. Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник. Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.

Подносителот на Иницијативата напоменува дека нејзината мајка, не е службено лице и нема одлучувачка улога во нејзиниот евентуален избор во звање, бидејќи нити е член на рецензиската комисија, нити е шеф на Катедрата за радиологија, по чиј налог се формира рецензиската комисија.

Според подносителот на Иницијативата, наставно-научни постигнувања треба да се првенственото мерило за изборот во звање, заснованјето на работниот однос и напредувањето на кариерата.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека нема други правни аргументи кои би биле спротивни на оние изнесени во Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 160 став 6 од Законот за високото образование („Службен весник на

Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19, 76/20, 178/21 и 58/24).

Точка 38

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У3.бр.14/25 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 15 став 2 во делот „или посебен акт на работодавачот“ од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наведената Иницијатива, со оспорениот дел од членот 15 се овозможува додатокот на плата за работна успешност, освен со закон и колективен договор да се утврдува и со општ акт на работодавачот, со што се остава можност за арбитрерно да се пропишуваат критериумите, без притоа да постои било каква основа за тоа во законот и како таква одредбата, не е во согласност со правната сигурност содржана во начелото на владеење на правото од член 8 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 15 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, додаток на плата за работна успешност на работникот се определува врз основа на критериуми за квалитет и обем на извршената работа, креативност и инвентивност, продуктивност, економичност и заштеди во процесот на работење и користење на средствата за работа и на работното време и други мерила утврдени со закон, колективен договор или посебен акт на работодавачот.

Според член 32 став 5 од Уставот, работните односи, правата и обврските на работниците и работодавачите се уредуваат со закон и колективен договор, но Уставот не ја исклучува можноста тие да бидат подетално објаснети со интерни акти, како што е актот на работодавачот. Тоа е, впрочем, вообичаена пракса, особено во доменот на конкретизација на критериуми за стимулации, каде што флексибилноста е потребна поради разликите меѓу дејностите, работните места и сл.

Формулацијата во Општиот колективен договор за јавниот сектор вели: „...други мерила утврдени со закон, колективен договор или посебен акт на работодавачот.“. Јасно е дека актот на работодавачот не е над законот или колективниот договор, туку делува во рамките поставени од нив. Тој претставува дополнителен инструмент за операционализирање, односно практично спроведување на она што е содржано во законот и колективниот договор. Притоа, Уставот не бара сите услови за плата или додатоци на плата да бидат предвидени со закон – тој дозволува децентрализација на уредувањето во однос на детали, особено во приватниот сектор.

Актите на работодавачот вообичаено се во писмена форма, достапни за вработените и можат да бидат предмет на контрола, вклучително и преку инспекциски надзор и судска заштита. Не постои правен вакуум – напротив, постои јасна правна рамка во која работодавачот може да дејствува. Тоа овозможува флексибилност и управување според конкретни услови, без да се загрозат уставно загарантираните права. Формулацијата остава простор критериумите за додатоци да се утврдат и со колективен договор, што значи дека правото на колективно договарање е зачувано. Актот на работодавачот не го исклучува колективното договарање, туку го надополнува, особено во ситуации кога нема склучен колективен договор или кога е потребно регулирање на одредени, специфични прашања.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 15 став 2 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (ОКДЈС) во делот „или посебен акт на работодавачот“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), е во согласност со членот 8 од Уставот, поради што му предлага на Уставниот суд на Република

Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на горенаведениот член од Општиот колективен договор за јавниот сектор.

Точка 39

Владата ја симна од Дневен ред Иницијативата поднесена од Јован Стефановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.20/25 за поведување постапка за оценување на уставност на член 29 став 1 точка 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25) и Иницијатива поднесена од Валентин Пепељугоски и Бојан Стоилков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.22/25 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 29 став 1 и 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25).

Точка 40

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2025 за оценување на уставноста на член 172 став (3) во деловите „500.000" и „2.1.1" од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/21 и 14/25) и притоа го утврди следново мислење:

При изготвување на Законот за јавните набавки, предвид се земаат соодветните директиви за јавни набавки на Европската Унија, како и добрите меѓународни практики. При тоа, системот на јавните набавки се заснова на повеќе начела кои се уредени во истиот, меѓу кои и начелото на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства, како и начелото на сразмерност. Согласно член 4 од Законот, договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства. Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди соодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата намена и вредност. Договорниот орган ги спроведува јавните набавки во рок и на начин пропишани со овој закон и прописи донесени врз основа на овој закон, со минимални трошоци во постапката за јавна набавка. Според член 8 од Законот, постапката за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка. Овие начела, кои се општо прифатени во меѓународната практика, јасно укажуваат на тоа дека јавните набавки се спроведуваат во различни постапки кои зависат од вредноста, сложеноста и околностите во секој поединечен случај, а со цел да се добие најдобра вредност за јавните средства. Различните услови, критериуми и барања кои договорниот орган ги предвидува во постапката се уредени во различни одредби од Законот, кои немаат никаква врска со оспорената одредба.

Административната проверка, од друга страна е уредена како дополнителен механизам на проверка. Согласно оспорениот член 172 став (3) од Законот, предмет на административна проверка се јавните набавки чија проценета вредност е над 500.000 евра во денарска противвредност кај набавката на стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи. Според став (4) од истиот член, покрај

административната проверка на набавките од ставот (3) на овој член, Бирото може да врши административна проверка на која било јавна набавка врз основа на воспоставените индикатори за следење на ризици во јавните набавки и по случаен избор.

Видно од оспорената законска одредба, Законот пропишува вредносни прагови над кои административната проверка е задолжителна. Сепак, според ставот 4, предмет на административна проверка може да биде која било јавна набавка без оглед на вредносните прагови и тоа по случаен избор или врз основа на воспоставените индикатори за следење ризици во јавните набавки. Јасни се причините поради кои законодавецот пропишал вредносни прагови над кои сите јавни набавки ќе влезат во опфат на административна проверка. Ризикот од евентуална штета, незаконско постапување или погрешна примена на Законот по својата природа е поголем кај набавките од поголема вредност. Така, ваквиот пристап е целосно во согласност со горенаведените начела. Невозможно е предмет на административна проверка да бидат сите јавни набавки без да се земе предвид нивната проценета вредност, сложеност и ризици. Со оглед дека во текот на една година, се спроведуваат околу 25.000 постапки за јавни набавки, проширувањето на опфатот на административната проверка на сите овие набавки несомнено би довело до целосно блокирање на системот и неможност државата да ги остварува своите основни функции.

Оспорената одредба нема никаква врска со наводите на подносителот на Иницијативата за наводна нееднаквост на пазарот и неприменување еднаквост спрема учесниците во односите што се воспоставуваат во сегментот јавни набавки. Со административната проверка не се воведуваат посебни правила, услови или барања за економските оператори. Следствено на тоа целосно неосновани се наводите на подносителот дека со оспорената одредба се создава правна несигурност во прометот, напротив, оспорената одредба е во целост во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, како и со востановените и добро познати начела на кои се базира секој добар систем на јавни набавки.

Во однос на вториот навод, не е јасно што конкретно оспорува подносителот на Иницијативата бидејќи дел „2.1.1" во оспорената законска одредба не постои.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да не ја прифати Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2025 за оценување на уставноста на член 172 став (3) во деловите „500.000" и „2.1.1" од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/21 и 14/25), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

<u>Точка 41</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2025 за оценување на уставноста на член 7 став (8) во делот „регистарот од ставот (5) на овој член" од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21 и 255/24) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 7 став (8) од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21 и 255/24), со кој е предвидено дека: „Формата и содржината на барањето, формата и содржината на образецот на дозволата,

начинот на издавање и одземање на дозволата, формата и содржината на регистарот од ставот (5) на овој член, како и начинот на неговото водење, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи".

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека оспорената одредба на член 7 став (8) од Законот за јавна чистота, е во спротивност со владеењето на правото, како начело пропишано со Уставот на Република Северна Македонија, кое предвидува дека кога една норма упатува на примена на друга норма, меѓу нормата која упатува кон примена на нормата кон чија примена се упатува, потребно е да се во хармонија едно со друга, а со цел формирање на правно логична функционална целина од одредби, во спротивно, може да дојде до забуна во примената на самите одредби.

Имено, во Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08), членот 7 има само два става, односно сегашните ставови (1) и(2).

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија бр.80/12), членот 7 се дополнува со четири нови ставови (3), (4), (5) и(6), каде во ставот (5) е предвидено дека „За издадените дозволи за одржување на јавната чистота, органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи води регистар за издадени дозволи за одржување на јавната чистота, кој се објавува на неговата веб-страница", додека во ставот (6) е предвидено дека „Формата и содржината на барањето, формата и содржината на образецот на дозволата, начинот на издавање и одземање на дозволата, формата и содржината на регистарот од ставот (5) на овој член, како и начинот на неговото водење, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи".

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија бр. 31/16), членот 7 се дополнува со два нови ставови (5) и (6), поради што ставовите (5) и (6) стануваат ставови (7) и(8).

Со додавањето на новите ставови, настанала промена на текот на одредбите, односно ставовите, при што упатувачката одредба наместо став (5) сега станала став (7).

Имајќи го предвид горенаведеното, како и тоа дека не е направена суштинска грешка во оспоруваната одредба, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да не ја прифати Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2025 за оценување на уставноста на член 7 став (8) во делот „регистарот од ставот (5) на овој член" од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21 и 255/24), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

<u>Точка 42</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.39/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 2 во делот „централното“ од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 255/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 28 став 2 во делот „централното“ од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21 и 255/24), а во истиот е предвидено дека: „Доколку сопственикот на неизградено градежно земјиште во централното подрачје на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје не постапи по решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на Градот Скопје, отстранувањето на сметот ќе го изврши давателот на услугата на негова сметка.“.

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека оспорената одредба на член 28 став 2 од Законот за јавна чистота, е во спротивност со член 8 алинеја 10 од Уставот на Република Северна Македонија, каде што како темелна вредност е уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и со членот 9 кој помеѓу другото пропишува дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека во оспорената одредба на член 28 став 2 од Законот за јавна чистота, не е јасна определбата да се „заштити“ само централното подрачје на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и дека животната средина и заштитата на истата не треба да се протега само на централните подрачја каде тоа се населува. Уставот не прави таква поделба на заштитата на животната средина, а со тоа и еднаквата заштита на граѓаните кои живеат не само во централните подрачја на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, туку и на граѓаните кои не живеат во тие подрачја.

Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 255/24) со членот 1 ги уредува условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Со членот 5 став 1 точка 5 од Законот за јавна чистота се предвидува значењето на поимот „централно подрачје на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје“, кое се дефинира како „подрачје определено со акт на општината и општините во Градот Скопје со кои се врши зонирање на подрачјето на општината и општините во Градот Скопје, како и подрачјето на Град Скопје определено со акт на Градот Скопје како централно подрачје.".

Во членот 28 од истиот закон се содржани одредби со кои се нормира надзорот над спроведувањето на законот и прописите донесени врз основа на овој закон, како и инспекцискиот надзор којшто го вршат општинските комунални инспектори, комуналните инспектори на општините во Градот Скопје, односно комуналните инспектори на градот Скопје и Државниот комунален инспекторат.

Самото повикување на поимот „централното подрачје на општината“ во член 28 став 2 произлегува од утврдената дефиниција и од целиот текст на Законот за јавна чистота во кој се пропишани одредби со кои се уредуваат условите и начинот на одржување на јавна чистота, како континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти, на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Имајќи го предвид напред наведеното, се смета дека се неосновани наводите во Иницијативата дека со оспорената одредба се повредува член 8 алинеја 10 и членот 9 од Уставот, односно уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и дека граѓаните пред Уставот и законите не се еднакви, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да ја отфрли Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на горенаведениот член од Законот.

Точка 43

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев, Љубица Стојковска Перковска, Роњанда Доко, Анета Стевановиќ, Биљана Димовска, Атеме Муамеди, Ибере Нухиу и Мирјанка Тренчевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/25 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104-а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.66/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наведената Иницијатива, со оспорениот член се воведува посебен третман на лицата кои остваруваат права од работен однос врз основа на одлука за избор и именување од надлежен орган, со тоа што им се овозможува да продолжат со вршење на функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст. Притоа, сметаат дека одредбата не е во согласност со принципот на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3, како и начелото на еднаквост на граѓаните независно од општествената положба и начелото на достапност на секое работно место секому под еднакви услови, со што се повредуваат членот 9 и член 32 став 5 од Уставот.

Најнапред, важно е да се напомене дека оваа одредба не создава привилегија, туку претставува механизам кој овозможува континуитет, стабилност и ефикасност во вршењето на јавните функции. Избраните и именуваните лица се носители на клучни институционални реформи и политики, и нивното отстранување од функција поради формално исполнување на услов за пензионирање, би значело прекин на сите започнати процеси и институционална нестабилност.

Што се однесува до наводите за нееднаквост (член 9 Уставот), треба да се има предвид дека, според Уставот, еднаквоста не значи идентичен третман на сите категории работници, туку еднаков третман во слични ситуации. Избраните и именуваните лица не се во иста правна положба како другите вработени – нивното именување или избор произлегува од посебна процедура, врз основа на мандат и јавна одговорност. Поради таа објективна разлика, оправдани се и разликите во правниот третман.
Дополнително, законот не го нарушува правото на другите граѓани да учествуваат во јавната власт, односно достапност на граѓанинот на секое работно место (член 32 став 5). Напротив, продолжувањето на функцијата е временски ограничено – најмногу до 67 години возраст на избраното, односно именуваното лице и не претставува трајно спречување за избирање на други лица. Тоа е само временски инструмент кој овозможува државата да го задржи искуството и експертизата на функционерите во дадени моменти.

Во однос на уставното начело на владеење на правото и правната сигурност, важно е да се нагласи дека законот е јасен, прецизен и недвосмислен - опишува кој може да продолжи, под кои услови, и до кога. Не остава простор за произволност, туку предвидува редовен механизам, усогласен со принципите на добро владеење.

Конечно, праксата во голем број европски држави потврдува дека за одредени јавни функции постојат посебни правила за пензионирање, токму заради природата на тие функции. Овој закон го следи истиот дух и нуди прагматично и уставно усогласено решение.
Ова законско решение не ја нарушува Уставноста, туку напротив – ја почитува истовремено го штити јавниот интерес, овозможувајќи рамнотежа меѓу правата на поединецот, потребите на институциите и интересите на државата.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека членот 104-а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), е во согласност со член 8, член 9 и член 32 став 5 од Уставот, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба.

Точка 44

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Димановски од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21183, за КО Битола 1/2, на КП бр.18030, викано место/улица „Стрчин“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Барзова од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91359 за КО Штип 1, на КП бр.630, викано место/улица „Герен“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 46

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Барзова од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3924 за КО Штип 3, на КП бр.4265, викано место/улица „Град“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192255 за КО Драчево 2, на КП бр.2103/1, викано место/улица „Караџина“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 48

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.68999, за КО Драчево 1, на КП бр.8726/12, викано место/улица „Ѓорѓи Динката бр.25“ и Имотен лист бр.69111, за КО Драчево 1, на КП бр.8726/12, викано место/улица „ Ѓорѓи Динката бр.25“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 49

Владата ја разгледа Понудата од нотар Христина Стефаноска од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.17273, за КО Прилеп, на КП бр.19804/1, викано место/улица „Савска“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 50

1. Владата го именува Иванчо Тошевски, досегашен вршител на должноста директор на установата, за директор на Јавната установа Национален парк „Пелистер“-Битола.

2. Владата ја именува Наиме Исљами-Зеќири за вршител на должноста директор на Центарот за образование на возрасни.

3. Владата го именува Сашо Клековски, досегашен вршител на должноста директор на Фондот, за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

4. Владата го одложи од разгледување предлогот за именување на Бранко Аџигогов, досегашен вршител на должноста директор на Фондот, за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

5. Владата ја именува Фросе Ѓоргиевска, досегашен вршител на должноста директор на установата, за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк „Галичица“, Охрид.

6. Владата ја именува Гезиме Река, за член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, од редот на стручните работници во Установата.

7. Владата, за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица ги именува:

претставник од редот на корисници предложен од Советот на корисници
- Витка Спасова Ѓузелова

претставник од Советот на општината
- Петар Аризанов

8. Владата го разреши Дејан Михајлов од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за државни патишта, на негово барање.

9. Владата, за членови на Советот за стручно образование и обука ги именува:
   - Џељиљ Салахи од Министерството за образование и наука;
   - Блерина Келменди Гури од Министерството за економија и труд;
   - Ѓоко Ѓорѓески од Министерството за финансии;
   - м-р Оливер Станојоски од Бирото за развој на образованието;
   - Александар Димитриев од Државен испитен центар;
   - м-р Михајло Донев од Стопанска комора на Северна Македонија;
   - Јелена Спасова од Занаетчиска комора на Република Северна Македонија;

- Николче Спасовски од Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија;
- Фисник Осеку од Организација на работодавачи на Македонија;
- Темјана Митревска од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и
- Јешим Сефуловска од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

10. Владата, за членови на Советот за образование на возрасните ги именува:
    - Весна Кусакатска;
    - Александар Станкоски;
    - Ќенан Сали од Министерството за образование и наука;
    - Фејзула Арифи од Бирото за развој на образованието;
    - Ридван Зеќири од Центар за развој на стручното образование;
    - Ленче Божиновска од Министерството за финансии;
    - Дејан Стојчески од Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија;
    - Славе Чорбев од Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
    - Биљана Живковска од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;
    - Маја Петрова од Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија;
    - Благој Христов од Стопанска комора на Северна Македонија;
    - Билјана Талевска од Организацијата на работодавачи на Македонија и
    - Јелена Спасова од Занаетчиската комора на Република Северна Македонија.

11. Владата го разреши Бесник Хамити од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставник од Министерството за здравство, на негово барање.

12. Владата го именува Дритан Даути за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставник од Министерството за здравство.

13. Владата ги разреши од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на Државниот студентски дом „Н.Х. Орде Чопела“-Прилеп:
    - Јасминка Иваноска;
    - Ленче Филипоска и
    - Вецко Цветаноски.

13.1 Владата, за членови на Управниот одбор претставници на основачот на Државниот студентски дом „Н.Х. Орде Чопела“-Прилеп ги именува:

- Кире Николоски,
- Филип Богески и
- Илчо Јовески.

14. Владата ги разреши од должноста претседател и членови на Националната комисија за учебници за основно и средно образование:

од претседател:

- Јованка Лазаревска Станчевска, на нејзино барање;

од членови:

- Маргарита Гиновска;
- Ана Гацева и
- Драган Арсовски.

15. Владата ги именува за членови на Националната комисија за учебници за основно и средно образование:

од високообразовните и научните установи од областа на јазиците:
- Михајло Марковиќ и
- Анита Ангелевска.

од високообразовните и научните установи од областа на општествено-хуманистичките науки:
- Христина Рунчева;

од високообразовните и научните установи од областа на природните науки, математика и техника;
- Ташко Ризов;

од високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот:
- Велимир Жерновски;

од основните и средните училишта од редот на наставниците:
- Даниела Апостоловска.

15.1 Владата го именува Ташко Ризов за претседател на Националната комисија за учебници за основно и средно образование, од редот на членовите.

15.2 Владата ја именува Даниела Апостоловска за заменик-претседател на Националната комисија за учебници за основно и средно образование, од редот на членовите.

Точка 51

1. Владата го разгледа Барањето од Министерството за локална самоуправа за изменување на Заклучокот по точка 9 „Барање за финансиска поддршка за неподмирени обврски кон изведувачите на проектот „Адвентур“ за изградба на Адреналински парк во Националниот парк Пелистер и „Современи алатки за навремена прогноза и мониторинг на ризици од шумски пожари и поплави и иновативни техники за заштита и подготвеност на граѓаните„ со акроним - PREVEN-T од ИПА 2 Програма“ од Нацрт – записникот од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 мај 2025 година, го прифати Барањето и заклучи Министерството за локална самоуправа да се изземе од заклучокот.

2. Владата по повод организирањето на настанот Самит на Западен Балкан и Европска Унија, кој ќе се одржи од 30 јуни 2025 година до 1 јули 2025 година, во хотел Хилтон, во Скопје, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во координација со протоколот при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за потребите на настанот, да ја обезбеди потребната опрема (црвена патека и друга опрема), како и превоз за истата.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди транспорт на делегациите и оброк за обезбедувањето и техничкиот персонал кои ќе го покриваат настанот.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за осум апартмани и 16 соби за делегациите, ВИП-терминал за официјалните

делегации, како и трошоците за вечерата на официјалната делегација на 30 јуни 2025 година.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди преведувачи за настанот.

5) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија, да организира медиумско покривање на настанот.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за обезбедување на сите локации на кои се одржува настанот, почнувајќи од 30 јуни до 1 јули 2025 година.

7) Се задолжува Министерството за здравство, во координација со протоколот при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди амбулантни возила со медицински тимови кои ќе бидат присутни на локациите на кои ќе се одржува настанот.

8) Се препорачува на Град Скопје, да обезбеди едно противпожарно возило за време на одржувањето на настанот во хотел Хилтон, во Скопје.

9) Се укажува на Македонската радио-телевизија, Скопје, на 1 јули 2025 година, од хотел Хилтон, во Скопје, да обезбеди пренос во живо од одржувањето на настанот Самит на Западен Балкан и Европска Унија.

3. Владата на предлог на проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, а во врска со Предлогот на закон за административни службеници што е доставен во собраниска постапка, заклучи да се разгледа можноста со амандмански измени на Предлогот на закон, односно во новото законско решение да се предвиди можноста вработените од министерството/институцијата да може да работат и како посебни советници.

4. Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучокот бр. 1 од точка 10: „Информација во врска доставеното Барање за спогодбено раскинување на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф. бр. 84 и МХЕЦ Пена со реф.бр. 85, со прилози, од Седумдесет и четвртата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 30 дена, да формираат комисија, која ќе ја разгледа документацијата доставена во прилог кон Барањето за обештетување, а со цел спогодбено раскинување на Договорот за концесија.".

5. Владата по повод Барањето за изменување на заклучокот бр.2, точка 21 од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 февруари, 2025 година со Архивски број 50-1828/2 од 18.2.2025 година и од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2025 година (под точка-Прашања и предлози) со Архивски број 50-1828/5 од 18.3 2025 година, а во однос на Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, со Нацрт-текст на Договор, заклучи истиот да се измени и да гласи:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да го достави Нацрт-текстот на Договорот за безбедносна соработка и долгорочна поддршка меѓу Република Северна Македонија и Украина, до украинската страна, по исполнување на соодветните услови во Украина, во рок од 90 дена.

Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 26 јуни 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Горан Јовановски, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 26 јуни 2025 година, со почеток во 11:15 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Заклучоците да се доставaт до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 26 јуни 2025, односно да гласа како што е утврдено во четвртиот и петтиот заклучок.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ја извести ЕВН Македонија АД Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје.

4. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа ,,ЗА", и тоа по однос на точките:
- 1. Отворање на седницата на Годишното собрание на акционери,
- 2.Избор на претседавач на Годишното собрание на акционери,
- 3.Именување нотар за водење Записник на Годишното собрание акционери и
- 4.Избор на бројач на гласови.

5. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:

- За точка 1 „Предлог одлуката за одобрување на Извештајот на ревизорот, заедно со Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на ЕВН Македонија АД Скопје за деловната 2024 година", да гласа „ЗА".
- За точка 2 „Предлог одлука за усвојување на Писмениот извештај за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2024 година, подготвен од Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје ", да гласа „ЗА".
- За точка 3 „Предлог одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и на членовите на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје, да гласа „ЗА".
- За точка 4 „Предлог одлука за распоредување на добивка остварена по Годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2024 година ", да гласа „ВОЗДРЖАНО".
- За точка 5 „Предлог одлука за избор на овластен Ревизор за деловната 2025 година на ЕВН Македонија АД Скопје " да гласа „ЗА".
- За точка 6 „Предлог одлука за одобрување на Консолидираната годишна сметка, Консолидираниот финансиски извештај со Извештајот од ревизорот и Консолидираниот годишен извештај за деловната 2024 година" да гласа „ЗА".

- За точка 7 „Разно“ да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, Б.Г. против Република Северна Македонија, А.бр.7870/25 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Б.Г. против Република Северна Македонија, А. бр. 7870/25.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот Б.Г., А. бр. 7870/25, ќе му исплати вкупен износ од 4.450 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот, во предметот Б.Г. против Република Северна Македонија, А. бр. 7870/25, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европска конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од централизирано управување со облак (cloud) услуги во јавниот сектор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на повеќегодишни финансиски обврски за набавка на услуги за изнајмување на облак (cloud) платформа, во вкупна вредност од 205.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 25.000.000,00 денари во 2025 година;
- 80.000.000,00 денари во 2026 година и
- 100.000.000,00 денари во 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, да ги прикаже буџетските средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерство за дигитална трансформација, Програма Н, Потпрограма НА, Ставка 425, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, а се дел од централната власт, до Министерството за дигитална трансформација да доставаат информации за потребните ресурси кои треба да се обезбедат преку облак (cloud) услуги, во рок од 10 дена.

4. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, а се дел од централната власт, пред објавување на јавна набавка на облак (cloud) услуги и облак (cloud) платформи за хостирање на нивните решенија, како и пред внесување на таков вид набавки во нивните годишни планови за јавни набавки, најнапред да проверат и побараат можност за

користење на облак - услуги кои во моментот се или ќе бидат набавени од страна на Министерството за дигитална трансформација.

5. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да распише јавна набавка за облак (cloud) услуги за сите органи на државната управа во рок од 60 дена по усвојување на оваа информација.

Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на елементи од физичка инфраструктура на електронска комуникациска мрежа, односно на јавна електронска комуникациска мрежа во фаза на планирање, проектирање, градење и/или реконструкција на линиски инфраструктурни градби – патишта и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Министерството на транспорт, Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за електронските комуникации, како и со останатите чинители и засегнати страни во рок од три месеци од денот на усвојувањето на оваа информација да ја информира Владата за спроведените активности, работните состаноци и координативните средби поврзани со воспоставување на елементи од физичка инфраструктура на електронска комуникациска мрежа, односно на јавна електронска комуникациска мрежа во фаза на планирање, проектирање, градење и/или реконструкција на линиски инфраструктурни градби – патишта.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Министерството на транспорт, Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата за електронските комуникации, како и со останатите чинители и засегнати страни во рок од шест месеци од денот на усвојувањето на оваа информација да достави до Владата извештај со вклучени предлог мерки и активности за воспоставување на елементи од физичка инфраструктура на електронска комуникациска мрежа, односно на јавна електронска комуникациска мрежа во фаза на планирање, проектирање, градење и/или реконструкција на линиски инфраструктурни градби – патишта.

Точка 56

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на Друштвото за производство и промет А.Н.Арѓент ДОО увоз-извоз Гостивар на локалитетот „Караташ“, с.Долна Бањица, Општина Гостивар и условно ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на Друштвото за производство и промет А.Н.Арѓент ДОО увоз-извоз Гостивар на локалитетот „Караташ“, с.Долна Бањица, Општина Гостивар, со заклучок материјалот да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Точка 57

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – доломит на Трговското друштво за производство на огноотпорни материјали Вардар доломит ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Пеклиште“, Општина Гостивар и условно ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – доломит на Трговското друштво за производство на огноотпорни материјали Вардар доломит ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Пеклиште“, Општина Гостивар, со заклучок материјалот да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Точка 58

Владата ја разгледа Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–варовник на Трговско, градежно, транспортно, производно и услужно друштво Ерсе-комерц ДООЕЛ увоз-извоз Мала Речица, Тетово на локалитетот „Краста“, с.Вруток, Општина Гостивар и условно ја донесе Одлуката, со заклучок материјалот да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, со усогласен текст на Протокол и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.

2. Се определува Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.

Точка 60

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој за 2025 година и условно ја донесе Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја за 2025 година, со заклучок истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Точка 61

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2025 година и условно ја донесе Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2025 година, со заклучок истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Точка 62

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2025 година и условно ја донесе Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2025 година, со заклучок истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Точка 63

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Македонија 2025, со текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Македонија 2025.

2. Се овластува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Македонија 2025.

Точка 65

Владата го разгледа Предлогот на закон за соодветна и правична застапеност и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Мислењето на Министерството за односи меѓу заедниците, кое ќе биде доставено до Владата.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, текстот на Предлогот на закон да го достави на мислење до Венецијанската комисија.

Пречистениот текст на Предлогот на закон за соодветна и правична застапеност, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Горан Минчев, министер за јавна администрација, м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и проф. д-р Лазе Јакимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Анекс III кон Договорот бр.81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС), заеднички нарекувани „Страни“ - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2, со усогласен Анекс III кон Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Анекс III кон Договорот бр.81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС), заеднички нарекувани „Страни“ - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2.

2. Го овласти м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, да го потпише Анекс III кон Договорот бр.81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС), заеднички нарекувани „Страни“ - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2.

Точка 67

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024 година, го усвои и заклучи, согласно член 27 став 1 од Законот за јавен долг, да го достави до Собранието на Република Северна Македонија за информирање.

Точка 68

Владата го разгледа Предлогот на завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, со Конечен извештај на овластениот ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија за 2024 година, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за Петнаесетото годишно собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 27 јуни 2025 година, во Зуг, Швајцарија и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се овластува м-р Зоран Ставрески, да ја претставува Владата на Република Северна Македонија на Годишното собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 27 јуни 2025 година, да одлучува и да гласа во нејзино име на следниот начин:

- Одобрување на годишните и финансиските извештаи на Европа Ре за 2024 година - ЗА;

- Одобрување на финансиските резултати на Европа Ре за 2024 година - ЗА;

- Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Европа Ре- ПРОТИВ;

- Избор на членови на одбор на директори:

реизбор на Dr. Orsalia Kalantzopoulos со мандат од една година – ВОЗДРЖАН;

реизбор на Dr. Andrew Yanev со мандат од една година – ВОЗДРЖАН;

реизбор на д-р Климе Попоски со мандат од една година- ВОЗДРЖАН;

- Избор на ревизорска фирма Mazars AG, Switzerland со мандат од една година - ЗА и

- Измена на Статутот на Европа Ре – ПРОТИВ.

2. Издаденото полномошно за овластениот претставник да биде заверено на нотар.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ја извести Европа Ре за издаденото полномошно на претставникот на своите акции.

Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на мерки согласно фаза 3 од Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението 2025 – 2030 и ја усвои и ги задолжи сите министерства, органи на државната управа и други надлежни институции, активно да ги спроведуваат мерките и препораките и да ги известат и координираат сите подрачни служби, јавни установи и други правни субјекти во нивна надлежност за спроведување на мерките предвидени во Фаза 3 од Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението 2025-2030, односно:

- Јавни комуникации и информирање - Министерството за здравство, во координација со Управата за хидрометеоролошки работи и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, редовно да информира за состојбата со топлотниот бран.

- Активирање на планови за вонредни услови - сите здравствени установи, установи за згрижување на стари лица и образовни институции да постапат согласно интерните протоколи за кризна состојба.

- Работни услови и заштита на работниците - да се разгледа можноста за:
- Одложување на работниот процес во критичните часови (од 11 до 17 часот) за работници изложени на директна топлина;
- Работа од далечина, флексибилно или двократно работно време каде што е изводливо;
- Работодавачите да обезбедат микроклиматски услови за работа согласно Акцискиот план: простории со температура до 25°C, освен таму каде што природата на работниот процес налага поинаку;
- Ослободување од работни обврски за бремени жени и лица постари од 60 години, доколку работодавецот не е во можност да создаде соодветни микроклиматски услови за работа. Оваа препорака не се однесува на вработени во критичната инфраструктура (здравство, полиција, армија, транспорт, енергетика, јавни комунални претпријатија).

- Општествена грижа и социјална заштита - центрите за социјална работа, Црвениот крст и единиците на локалната самоуправа да:
- интензивираат теренска поддршка на ранливи категории (стари, осамени, бездомни);
- обезбедат сместување на најранливите категории во климатизирани простории каде што е можно.

- Активности во здравствени и социјални установи:
  - Ангажирање на дополнителен персонал.
  - При отпуштање на пациенти од болница да се земат предвид временските услови и да се обезбеди поддршка во домашни услови.
  - Образовните установи да се воздржат од активности на отворено од 11 до 17 часот.

- Јавен превоз - да се обезбеди климатизиран јавен превоз за населението.

Мерките се однесуваат на периодот до 27 јуни 2025 година и имаат за цел да обезбедат континуирана и ефикасна заштита на здравјето на населението преку превентивно дејствување и соодветна институционална подготвеност.

Точка 71

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за стратешка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереник Веле Трпевски, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Точка 72

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи (Имотен лист бр.44-КО Велес) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и со Агенцијата за катастар на недвижности.

Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата со приоритети и индикативен календар на активности во рамки на претседателството на Република Северна Македонија, со Стратегија на Европската Унија за Јадранско-јонскиот Регион и Јадранско-јонската иницијатива и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за реализација на активностите кои ќе се спроведуваат во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија, со Стратегија на Европската Унија за Јадранско-јонскиот Регион и Јадранско-јонската иницијатива преку проектот Поддршка на управувањето со ЕУСАИР за подобрена соработка (ЕУСАИР МЕХАНИЗАМ ЗА ПОДДРШКА), во буџетот на Министерството за европски прашања за 2026 година.

2.Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и туризам, Министерството за социјална политика, демографија и млади, активно да се вклучат во организација и реализација на приоритетите и индикативниот календар предвидени во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија, со Стратегија на Европската Унија за Јадранско-јонскиот Регион и Јадранско-јонската иницијатива.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.